Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

## ПРОМОЦИЈА

На 17.06.2011г. (петок) ќе се одржи промоцијата за дипломираните и магистрираните студенти на Машинскиот факултет - Скопје. Настанот ќе започне во 18ч. и ќе се одржи во дворот на факултетот. После промоцијата, ќе се продолжи со забавна програма која е во рамките на промотивните активности на факултетот за привлекување на нови студенти. Главни гости во забавниот дел ќе бидат Суперхикс. Институтите ќе имаат можност да ги промовираат студиските програми на штандови кои ќе бидат поставени во дворот на факултетот. На крајот како изненадување за гостите ќе има голем огномет. Сите вработени на Факултетот се поканети на настанот.

## АКРЕДИТАЦИЈА

Од 27.05 до 30.05.2011 година Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) ќе спроведе надзорна посета на Инспекциското тело за моторни возила при Машинскиот факултет во Скопје. Овие надзорни посети се спроведуваат најмалку еднаш годишно согласно договорот со ИАРМ, а се контролира системот за квалитет во Инспекциското тело и спроведувањето на стандардот ISO/IEC 17020:2006. Оваа година за прв пат ќе биде спроведен надзор над проширениот опсег на инспекциското тело кое од јануари 2011 има статус на Техничка служба за возила. Во тимот на ИАРМ кој ќе го спроведува овој надзор ќе биде и реномираниот европски експерт од областа на возилата д–р Роберт Јерончиќ од Република Словенија во улога на експерт.

## ВТОР ЦИКЛУС ОБУКИ ЗА PLM SIEMENS SOFTWARE

Во периодот од 23.05 до 27.05.2011 година, на Машинскиот факултет во Скопје престојува тим обучувачи од компаниите Siemens Industry Software Ltd и ITS - Industrial Technology Systems, дистрибутер за Југоисточна Европа, со цел реализација на вториот циклус обуки за наставниот и IT техничкиот кадар поврзани со Teamcenter и Technomatix, софтверски пакети кои се дел од донираниот комплексен Siemens PLM Software. На обуките присуствуваат и заинтересирани докторанти и студенти на магистерски студии на Машинскиот факултет.

Обуките се реализираат во PLM Центарот на Машинскиот факултет, а како активност во рамките на проектот Master-PLM No.144959 од Темпус програмата.



## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЛЕТНА ШКОЛА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СПЛИТ

Во јуни 2011 година, ќе се реализира Летна школа на Факултетот за електротехника, машинство и бродоградба при Универзитетот во Сплит, како активност во рамките на Темпус проектот Master-PLM No.144959. Коорганизатор на настанот е Машинскиот факултет при УКИМ од Скопје, како институција координатор на наведениот проект.

Летната школа е на тема “Product Lifecycle Management as a Business Strategy related to Sustainable Development” и на истата ќе учествуваат предавачи од Италија, Германија, Јапонија, Словачка, Хрватска, Македонија и Србија. Слушатели на школата ќе бидат студенти на магистерски и докторски студии од регионот.

## IN MEMORIAM

Со длабоко жалење ве известуваме дека минатата недела почина проф. д-р Томислав Златановски. Комеморативната седница ќе се оддржи на 26.05.2011 година од 11 часот воочи седницата на ННС.

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец мај 2011 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Асс. м-р Елисавета Дончева заради консултации во врска со изработката на докторската дисертација оствари престој на Машинскиот факултет во Белград во Р.Србија од 9-13 мај 2011 година.
2. Вон. проф. д-р Јасмина Чалоска, заради учество на регионален состанок на тема: „Иновации во инженерското проектирање“, во период од 10-13 мај 2011 година престојуваше на Техничкиот факултет во Подгорица, Црна Гора.
3. Проф. д-р Звонимир Костиќ заради присуство на работни состаноци во врска со техничката документација за хидромеханичка опрема за ХЕЦ Св.Петка реализира службено пативање во Љубљана, Р.Словенија од 23-27 мај 2011 година.
4. Вон. проф. д-р Глигорче Вртаноски заради учество на меѓународната конференција ДЕИМ 2011 ќе реализира службено патување во Бања Лука, Босна и Херцеговина од 25-29 мај 2011 година.
5. Вон. проф. д-р Атанас Кочов во рамки на активностите на УНИДО и Македонскиот национален центар за почисто производство учествуваше на 4-тиот Невски конгрес кој се одржа во Ст. Петерсбург, Русија од 15-18 мај 2011 година.
6. Асс. м-р Дарко Бабунски и асс. м-р Емил Заев реализираа престој на Институтот за инженерство на заштита на животна средина при Техничкиот факултет во Нови Сад, Р.Србија од 19-20 мај 2011 година.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**10.06.2011**
**ДУХОВДЕН, ПЕТОК ПРЕД ДУХОВДЕН**

**17.06.2011**
**ПРОМОЦИЈА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ**

**19.06.2011**
**ДЕН НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

**28.06.2011**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**30.06.2011**
**32 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.

**Година 2011, мај, број 101**

# ФАКУЛТЕТСКИ ИНФОРМАТОР

## ИНЖЕНЕРСКИ ПРСТЕН

Во рамките на конференцијата на Инженерската асоцијација на Македонија, а под покровителство на претседателот Ѓорге Иванов на ден 16.06.2011 год. во Охрид, на светото место Плаошник се изврши доделување на инженерскиот прстен на најдобрите дипломци од техничките факултети. Најдобриот дипломец од МФС кој доби прстен е Елеонора Ангеловска. По свеченото доделување на прстенот, најдобрите дипломци беа примени на свечен ручек кај претседателот во вилата Билјанини извори.

